Уп. бр.08-109

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Аристократ Лежер Лимитед со регистрирано седиште на Зграда А, Пинакл Офис Парк, 85 Епинг Роуд, Норт Рајд НСВВ 2113, Австралија, преку полномошник Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 09.08.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Аристократ Лежер Лимитед со регистрирано седиште на Зграда А, Пинакл Офис Парк, 85 Епинг Роуд, Норт Рајд НСВВ 2113, Австралија стекнува самостојна контрола над НеоГејмс С.А. со регистрирано седиште на 63-65, Руе де Мерл, Л-2146 Луксембург, Големото Војводство Луксембург, по пат на купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 18.07.2023 година, а дополнето на 27.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Аристократ Лежер Лимитед со регистрирано седиште на Зграда А, Пинакл Офис Парк, 85 Епинг Роуд, Норт Рајд НСВВ 2113, Австралија, со која истото стекнува самостојна контрола над НеоГејмс С.А. со регистрирано седиште на 63-65, Руе де Мерл, Л-2146 Луксембург, Големото Војводство Луксембургпреку Анакси Инвестментс Лимитед со регистрирано седиште на СИКС, Крикет Сквер, ПО Бокс 2681, Џорџ Таун, Грен Кајман КУ1-111, Кајмански Острови, по пат на купопродажба на акции.

Анакси Инвестментс Лимитед со регистрирано седиште на СИКС, Крикет Сквер, ПО Бокс 2681, Џорџ Таун, Грен Кајман КУ1-111, Кајмански Острови е во целосна сопственост на Аристократ Лежер Лимитед.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Аристократ Лежер Лимитед** е давател на услуги за игри и забава на глобално ниво, со седиште во Сиднеј, Австралија и котиран на австралиската берза на хартии од вредност (ASX:ALL). Аристократ Лежер Лимитед е активен со копнени игри од 1953 година, а неодамна се има проширено во просторот за онлајн игри, на ограничен начин. Работењето на Аристократ Лежер Лимитед е поделено во три деловни единици: Aristocrat Gaming, Pixel United и Anaxi.

Аристократ Лежер Лимитед нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, сепак, истиот има остварено маргинален приход во Северна Македонија во 2022 година преку обезбедувањето на следниве услуги: - развој, обезбедување, управување и сервисирање на копнени машини за игри, за казина и останати оператори на машини за игри (т.е. деловната единица Aristocrat Gaming) и преку - снабдувањето со не-РМГ ( *free-to-play*) компјутерски и мобилни игри кои брендови ги вклучуваат Big Fish Games, Product Madness и Plarium (т.е. деловната единица Pixel United).

**НеоГејмс С.А.** обезбедува содржински и технолошки решенија за индустријата за онлајн игри. Деловниот потфат на НеоГејмс С.А. се состои од четири деловни единици, од кои сите се поврзани со онлајн игри.

Во Република Северна Македонија, НеоГејмс С.А. има едно регистрирано зависно друштво:

– Друштво за информатичка технологија Б-ТЕЦХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 Октомври 33А, Центар, Скопје и приоритетна дејност 62.01 - компјутерско програмирање.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**